**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 август 2017 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: јули 2017 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])**, во јули, забележа нагорна месечна промена од 0,3%, главно под влијание на растот на готовите пари во оптек и во помал обем долгорочните депозити, наспроти намалувањето кај депозитните пари[2] и краткорочните депозити. На годишна основа, кај паричната маса е евидентиран раст од 7,4%, со најголем придонес на депозитните пари, по што следуваат краткорочните и долгорочните депозити, како и готовите пари во оптек.

– На крајот од јули, кај **вкупните депозити** е регистрирано минимално месечно намалување од 0,1%, при што падот на депозитите од домаќинствата го надминува растот на депозитите од корпоративниот сектор. На годишна основа депозитите се зголемени за 7,3%, при поизразен придонес на корпоративниот сектор.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 12.2015[1)] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 6.2017 | 7.2017 |
| **Парична маса М4** | **331,007** | **330,713** | **322,156** | **329,379** | **351,222** | **344,729** | **347,157** | **348,072** | **6.8** | **6.2** | **2.5** | **4.0** | **6.1** | **4.2** | **7.8** | **7.4** | **1.0** | **0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 26,300 | 25,726 | 25,957 | 26,356 | 28,193 | 26,802 | 28,473 | 29,632 | 13.3 | 9.0 | 7.5 | 6.2 | 7.2 | 4.2 | 9.7 | 8.7 | 3.6 | 4.1 |
| **Вкупни депозити** | **304,552** | **304,820** | **296,027** | **302,828** | **321,888** | **317,720** | **318,426** | **318,188** | **6.5** | **6.2** | **2.3** | **4.0** | **5.7** | **4.2** | **7.6** | **7.3** | **0.8** | **-0.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 77,034 | 75,742 | 73,011 | 76,062 | 87,377 | 82,420 | 80,885 | 81,368 | 13.0 | 16.0 | 5.6 | 11.3 | 13.4 | 8.8 | 10.8 | 11.4 | 0.2 | 0.6 |
| Домаќинства | 212,056 | 213,661 | 206,118 | 209,734 | 217,394 | 217,554 | 219,505 | 218,543 | 4.1 | 3.1 | 0.2 | 1.2 | 2.5 | 1.8 | 6.5 | 5.4 | 1.2 | -0.4 |
| **Вкупни кредити** | **279,871** | **280,023** | **274,453** | **275,096** | **282,461** | **280,157** | **286,408** | **287,256** | **9.5** | **8.4** | **3.5** | **2.5** | **0.9** | **0.0** | **4.4** | **4.9** | **0.9** | **0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 157,834 | 154,987 | 149,131 | 147,535 | 151,905 | 146,851 | 149,179 | 148,947 | 7.1 | 5.1 | -0.5 | -1.2 | -3.8 | -5.2 | 0.0 | 0.8 | 0.9 | -0.2 |
| Домаќинства | 120,832 | 123,887 | 124,192 | 126,505 | 129,321 | 132,080 | 136,034 | 137,173 | 12.9 | 13.0 | 8.8 | 7.3 | 7.0 | 6.6 | 9.5 | 9.8 | 0.8 | 0.8 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

– **Вкупните кредити,** во јули годинава оствари месечен раст од 0,3%, кој во целост се објаснува со зголеменото кредитирање на домаќинствата, при намалено кредитирање на корпоративниот сектор. На годишна основа, стапката на кредитен раст изнесува 4,9%, при најзначаен придонес во растот на кредитите одобрени на секторот домаќинства (90,7%).

---

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[3]




Извор: НБРМ.

- Во јуни, вкупните **депозити** на корпоративниот сектор бележат месечно и годишно зголемување од 0,6% и 11,4%, соодветно. Притоа, најзначаен придонес кон месечната и годишната нагорна промена имаат депозитните пари и краткорочните девизни депозити.

- Вкупните **кредити** на корпоративниот сектор овој месец забележаа надолна месечна промена од 0,2%, главно како резултат на намалувањето на девизното кредитирање, кое го надминува растот на денарското кредитирање. Од друга страна, кредитната активност кон корпоративниот сектор на годишна основа е зголемена за 0,8%, при што растот на денарските кредити го неутрализираше ефектот на намалувањето на девизните кредити.

[3] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и на останатите нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[4]




Извор: НБРМ.

– Кај вкупните **депозити на домаќинствата,** во јули е евидентиран месечен пад од 0,4%, главно заради месечното намалување кај депозитните пари. Споредено на годишна основа, депозитите на домаќинствата се повисоки за 5,4%, при раст и кај денарските и кај девизните депозити, малку поизразен кај депозитите примени во денари (придонес кон растот од 57,2%).

[4] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.

- Во јули, кај вкупните **кредити** на домаќинствата е регистриран месечен и годишен раст од 0,8% и 9,8%, соодветно. Притоа, месечните и годишните зголемувања во најголем дел се должат на растот на денарските пласмани (придонес кон растот од 86,2% и 90,9%, соодветно).




Извор: НБРМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015[1] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1] | 3.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 12.2015[1] | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 12.2016[1] | 3.2017 | 6.2017 | 7.2017 | 6.2017 | 7.2017 |
| Потрошувачки кредити | 57,730 | 59,413 | 62,069 | 63,519 | 65,438 | 67,041 | 69,424 | 70,188 | 18.2 | 18.8 | 17.4 | 14.8 | 13.4 | 12.8 | 11.8 | 12.0 | 1.2 | 1.1 |
| Станбени кредити | 30,287 | 31,259 | 32,404 | 33,123 | 34,608 | 35,448 | 36,815 | 37,012 | 17.9 | 16.8 | 14.9 | 13.8 | 14.3 | 13.4 | 13.6 | 13.7 | 1.3 | 0.5 |
| Автомобилски кредити | 399 | 379 | 348 | 325 | 323 | 309 | 307 | 304 | -41.7 | -36.5 | -31.7 | -27.2 | -19.1 | -18.5 | -11.9 | -10.8 | -0.2 | -0.9 |
| Кредитни картички | 12,348 | 12,237 | 12,344 | 12,469 | 12,380 | 12,294 | 12,295 | 12,319 | -0.5 | 0.0 | 0.4 | 0.4 | 0.3 | 0.5 | -0.4 | -0.5 | 0.1 | 0.2 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,592 | 6,112 | 6,281 | 6,276 | 5,795 | 6,275 | 6,366 | 6,430 | 5.0 | 5.4 | 6.4 | 3.5 | 3.6 | 2.7 | 1.3 | 4.5 | -1.0 | 1.0 |
| Други кредити | 4,273 | 4,317 | 4,498 | 4,556 | 4,585 | 4,560 | 4,630 | 4,601 | 9.4 | 10.0 | 11.1 | 10.4 | 7.3 | 5.6 | 2.9 | 1.5 | 0.3 | -0.6 |

1) Податоци согласно завршна сметка

Извор: НБРМ.

- Од аспект на намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити,** во јули е забележан месечен раст од 1,1% и 0,5%, соодветно, при годишен раст од 12,0% и 13,7%, соодветно. Кај **автомобилските кредити** продолжува надолниот тренд, при месечно и годишно намалување за 0,9% и 10,8%, соодветно. Натаму, овој месец кај кредитите одобрени на **кредитни картички** е евидентиран месечен раст од 0,2%, наспроти годишниот пад од 0,5%, додека кај **негативните салда на тековните сметки** е регистриран месечен и годишен раст од 1,0% и 4,5%, соодветно. Кај кредитите одобрени врз **други основи** во текот на јули е забележано месечно намалување од 0,6%, при годишен раст од 1,5%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Монетарни движења во Република Македонија: 21 септември 2017 година (референтен пресек заклучно со август 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).